# Концертите за "Господар на танцот" распродадени, сликањето забрането



Концертите за светската атракција "Господар на танцот" се распродадени. Ова е информација што доаѓа од организаторот "Литиум рекордс" и покрај најавите дека резервациите преку нивниот сајт завршуваат на први февруари и дека ќе може да се купат билети во музичката продавница "Југотон". Можност за трет концерт, барем засега, нема. Тоа значи дека љубителите на Мајкл Флејтли и неговиот танц ќе уживаат само на 2 и 3 април, во Универзалната сала.

Литиумци засега се соочуваат со уште еден проблем, а тоа е забраната за сликање. Сѐ уште траат преговорите и не се знае дали барањето на организаторот да може да се фотографира барем на првите три песни ќе биде прифатено.

*(В.М.)*

## "Златна бубамара" на 17 февруари

Радио "Бубамара" го закажа датумот на одржување на шоуто "Златна бубамара на популарноста". На 17 февруари, во Универзалната сала, осма година по ред ќе бидат наградени најпопуларните на домашната естрада.

"Бубамара статуетките" се веќе изработени, а билетите ќе почнат да се продаваат кон крајот на неделава. Тимот на радиото сѐ уште не сака да открие ништо за сценариото и за гостите. Познато е само дека како и секоја година, ќе се пее во живо, а сите учесници ќе ги придружува бендот "Блу фанки индивидуалс". *(М.Џ.)*

## Сања Илиќ и "Балканика" на концерт во Скопје




Белградскиот етномузичар Александар Сања Илиќ и неговиот состав "Балканика" ќе гостуваат во Скопје во април. Организаторот на концертот, Драган Пешиќ - Пеле, планира промоција на новиот албум на Илиќ, "Балкан концепт". Скопската публика ги има слушнато звуците на "Балканика" пред две години. Илиќ и неговите музичари летово гостуваа и во Струга.

Менаџерот Пешиќ и агенцијата МН, коишто го организираа концертот на "Мерлин" на Сајмиште, велат дека се во преговори за гостување на сараевската група "Хари Мата Хари" во Скопје. *(М.Џ.)*